


Веќе подолг временски период, Филипче, Заев и СДС, молчат и не одговараат на нашите прашања поврзани со Дубаи.

Дали молкот е потврда, ги прашуваме јавно СДС? Дали Заев гради згради во Дубаи кои се над 50 ката? Од каде му се тие пари на Заев?

Во контекст на ова, се поставува и прашањето, дали Филипче исто така е поврзан со оваа афера, па затоа и е поставен на чело на СДС за да му го чува грбот на неговиот ментор Заев?

Дали Филипче и Заев имаат златни визи за Дубаи? На кои начин ги стекнале и од каде им се парите? Дали Филипче и Заев ќе ги демантираат нашите сомнежи?

Филипче, Заев и СДС, ниту демантираат ниту реагираат на нашите прашања.

Откако години наназад ја уништуваа и ограбуваа државата, сега тие пари ги вложуваат

во приватни бизниси. Додека глумеа дека ја спасуваа Македонија, тие се спасувале самите себеси и нивните милиони.

СДС, Заев и Филипче, се синоним за криминал, неспособност и предавства.